# Извршно резиме: Квартален извештај бр. 5 за следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК)

## Остварувања во периодот од октомври-декември 2017 година

Согласно Законот за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) е самостојна и независна антикорупциска институција. Граѓаните, како даночни обврзници, треба да бидат добро информирани дали и како ДКСК ги остварува своите законски обврски, бидејќи преку буџетот на Република Македонија ги обезбедуваат средствата за остварување надлежности на ДКСК за спречување корупција.

**Од вкупно 31 индикатори следени во периодот на известување, а за кои се следи исполнувањето на законските обврски („обојување на индикаторите“), 11 се остваруваат целосно во согласност со закон, 15 се остваруваат делумно, а три не се остваруваат.**

И покрај воспоставената соработка за потребите на проектот, ДКСК не достави податоци за овој квартал.

Локалните избори повеќе не се во фокус во овој извештаен период, но останува потребата да се подготви и поднесе посебен извештај за можни злоупотреби на средства за време на локалните избори одржани во октомври 2017 г. Согласно Законот за спречување на корупцијата, ДКСК најдоцна во рок од три месеци од завршувањето на изборите има обврска да му достави посебен извештај на Собранието на Република Македонија за можните злоупотреби на буџетските средства за време на избори- рокот е до крај на март 2018 г.

**Антикорупциска проверка на легислативата (АПЛ)** се спроведува, но не во целост. ДКСК има направено АПЛ за пет закони од првиот квартал, еден закон од вториот квартал и еден закон од четвртиот квартал. ДКСК не ги следи во целост планот и динамиката за АПЛ на веќе донесени закони. Владата во овој извештаен период има утврдено 48 предлог-закони на седница, кои треба да ги достави до ДКСК за задолжителна проверка на ризици од корупција. Нема информација дали Владата ги доставила до ДКСК предлог-законите и дали ДКСК направила АПЛ.

**Потребно е редизајнирање на Регистарот на избрани и именувани лица и механизам за следење на неисполнетите обврски од страна на институциите.** Врз основа на податоците објавени во Службен весник, именувани се 326 лица на функции. Од нив, за 258 (79,14%) лица нема објавени информации ни во Регистарот за избрани и именувани лица, ниту во базата за имотна состојба. Досегашната пракса укажува дека ДКСК не го користи дадениот мандат за поттикнување и поведување постапка за санкции на институциите кои не ги исполнуваат обврските. Затоа потребно е ДКСК да развие механизми за следење на неисполнување на обврските што произлегуваат од надлежноста за водење на Регистарот на избрани и именувани лица. Исто така ДКСК да преземе чекори за надградба на апликацијата на регистарот и да обезбеди можност за користење на тие податоци од страна на правни или физички лица за создавање нови информации, содржини, апликации или услуги.

**ДКСК треба да ги интензивира активностите за инсталирање на системот за следење на имотната состојба на избраните и именуваните лица со историски приказ**. Покрај редовното ажурирање на базата за имотна состојба на избрани и именувани лица, потребно е да се воспостави електронска врска помеѓу Регистарот за избрани и именувани лица и базата на податоци од анкетните листови и да се обезбедат достапни историски податоци, со што лесно би се следела промената на имотната состојба на избрани и именувани лица.

*Подготовката на оваа публикација е во рамките на проектот „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на јавноста“, поддржан од Британска влада. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација се на авторите.*

**ДКСК започна со поактивна примена на Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти.** ДКСК потпиша Меморандум за соработка со Транспаренси интернешнл Македонија кој предвидува соработка во активностите за зајакнување на ефикасната примената на Законот за заштита на укажувачите. Исто така, ДКСК подготви и поднесе извештај за примени пријави од укажувачи за 2016 г. Сепак останува препораката дека ДКСК треба да биде поактивна во следење и примена на Законот за заштита на укажувачите и преку разни кампањи, информативни настани и промоции да работи на подигање на свеста и знаењето на пошироката јавност за позитивните придобивки од укажувањето, но и на поттикнување на пријавувањето.

Врз основа на спроведената теренска анкета, граѓаните сметаат дека **ДКСК го штити поединечниот, а не јавниот интерес.** Иако граѓаните ја препознаваат ДКСК како инстиуција која придонесува во борбата против корупцијата и би пријавиле корупција во ДКСК, сепак повеќе од половина од нив смеетаат дека ДКСК со својата работа го штити поединечниот, а не јавниот интерес. Поврзано со ова е и мислењето на повеќе од третина од граѓаните дека ДКСК неефективно ја врши својата работа.

**ДКСК својата работа треба да ја темели на соработка со граѓанскиот сектор и со организираниот приватен сектор** преку редовно одржување на работни средби со претставници од граѓанскиот и приватниот сектор, нивно вклучување во своите активности, преку канење да учествуваат на работилници, работни групи и обуки и да учествува и придонесува кон активности организирани од граѓанските организации и од приватниот сектор.

Како и досега, останува потребата ДКСК да ја зголеми **транспаретноста** преку објавување информации на својата веб-страница за сите преземени активности, за сите одржани седници на комисијата без исклучок, како и информации за учество и организација на работни состаноци, работни групи, работилници, обуки и конференции.

До извештајот може да пристапите преку:

*Подготовката на оваа публикација е во рамките на проектот „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на јавноста“, поддржан од Британска влада. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација се на авторите.*